РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) доставено е Барање на мислење во однос на две прашања поврзани со јавни набавки за превоз на ученици од општинско училиште и тоа:

1. Дали, доколку апплицира претседател на Советот на општината каде се наоѓа самото училиште со својата компанија (управител е неговата сопруга) на тендерот за избор на превоз на ученици има судир на интереси?
2. Дали, доколку истата фирма на претседателот (управител е неговата сопруга) на Советот на општината, аплицира за подизведување за превоз на ученици има судир на интереси?

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издаде следново:

## МИСЛЕЊЕ

ДКСК извести дека ќе настане состојба на судир на интереси доколку трговското друштво што е во сопственост на претседателот на Советот на општината каде се наоѓа самото основно училиште, а како управител се јавува негово блиско лице (сопруга), конкурира како економски оператор во јавните набавки за превоз на ученици спроведени од ова училиште, на кое како основач се јавува истата општина.

Исто така, во случај кога истото трговско друштво се јави како понудувач на наведените јавни набавки за да биде избран како најповолен понудувач (или како подизведувач на некој од понудувачите), ќе настане состојба на судир на интереси.

Ова од причини што, претседателот на Советот на таа општина, во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси има статус на службено лице и извршува јавни овластувања и должности, а во врска со член 51 став 1 од истиот закон: „*Службено лице во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности не може да воспостави деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на*

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

*неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство*".

Имено, согласно член 51 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерес, ако службеното лице постапи спротивно на цитираниот став 1 на овој член, на склучениот договор се применуваат одредбите за ништовност на договорот од Законот за облигационите односи.

Државната комисија укажа и на тоа дека, трговското друштво што е во сопственост на претседателот на Советот на таа општина ќе може да конкурира како економски оператор во јавните набавки за превоз на ученици спроведени од основните училишта во таа општина, на кои како основач се јавува самата општина, доколку претседателот на Советот на општината не ја извршува оваа функција, со што ќе се спречи влијанието на приватниот интерес врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања, а од друга страна ќе им се овозможи нормален превоз на учениците од оваа општина.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**